

Green FORCE

Бриф за политики #1
Септември 2023

# ПРАВЕДНА ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

# НАДМИНУВАЊЕ НА “ЗАМОРОТ ОД ТРАНЗИЦИИ“

“Праведна зелена транзиција“ (ПЗТ) како израз се користи при опишувањето на глобалниот напор за премин од неодрживи економски модели кон модел на економии кои се јаглеродно-неутрални. Ваквиот процес повлекува далекусежни технолошки и институционални промени како и промени во однесувањето (транзиција) кои треба да придонесат кон намалувањето на штетните влијанија врз животната средина (зелена), а кои пак промени истовремено се спроведуваат на општествено и социјално праведен начин (праведна).

Во регионот на Западен Балкан (ЗБ) терминот праведна зелена транзиција, најчесто се користи во контекст кој не ја одразува траснформативната природа и обемот кој го предвидува ваквиот процес. Поради тоа и не постои сеопфатен координиран пристап на активности и политики кои се однесуваат на климата и на животната средина, но постојат низа иницијативи и јавни политики коишто се разгледуваат во одредени сектори. Земјите од ЗБ се обврзаа за спроведување на праведна и зелена транзиција, меѓутоа останува предизвикот за тоа како соодветно да се пренесе наративот за „транзиција“ во регион кој веќе бил предмет на не многу успешни транзиции.

Овој краток документ за политики има за цел да придонесе кон разбирањето на практичните импликации на праведната зелена транзиција во ЗБ како и да понуди препораки за тоа како да се постигне подобра имплементација на политики кои ќе имаат поширока општествена поддршка.

## Што е праведна зелена транзиција?

### Позадина на јавните политики

Концептот за праведна транзиција е вкоренет во делувањето на американските синдикати за заштита на работните места за време на процесите на индустриската промена во 1970-тите и 1980-тите години. Идејата пак за „праведна транзиција" е формализирана како дел од климатската агенда во 1990-тите, со слични цели кои се однесуваат на заштита на работниците чии работни места се загрозени поради климатските политики. Денес, поимот праведна и зелена транзиција има проширено значење и се однесува на праведен и одржлив процес на транзиција во кој „ниту еден човек и ниту едно место нема да бидат оставени сами на себе".

Поимот праведна зелена транзиција доби и политичко значење со Парискиот договор, кој денес е и составен дел на Европскиот зелен договор (англ. European Green Deal) како и на новата стратегија за раст на ЕУ. Европскиот зелен договор има за цел да ја трансформира унијата во модерна, ефикасна и конкурентна економија, а притоа: да постигне климатска неутралност, да се намали отпадот и загадувањето, да се премине кон кружна економија и да се запре биолошката деградација. Исто така, стратегијата воспоставува и механизми за имплементација на „праведната транзиција", а Зелената агенда за Западниот Балкан (ЗАЗБ) всушност претставува проширување на Европскиот зелен договор.

### Повеќе од јавни политики

Праведната зелена транзиција комбинира три концепти, и секој од нив има посебна и засебна теоретска и практична позадина: ; 1) **транзиција**, 2) **зелена економија** , and 3) **социјална правда.**

Праведната зелена транзиција, всушност претставува форма на општествено-технолошка транзиција, која бара промена и премин од општествено- технолошки режим кој се базира на јаглеродна економија, во друг режим кој се базира на одржлива економија. Во пракса тоа значи процес на индустриска трансформација и воведување на технолошки иновации, како што се обновливи извори на енергија, електрификацијата на возилата или прецизното земјоделство, кои треба да одат рака-под-рака со промени во структурата на институциите и на целокупната општествена и економска организација. Поради тоа ваквите процеси и покрај пристапот до знаење и пристапот до нови технологии, бараат значителен период на адаптација бидејќи економската активност е вградена во општествените норми, практики и „начинот на кој се работи" во различните земји и региони. Спротивно пак на тоа, условите кои се специфични за одредено место го обликуваат начинот на кој се материјализираат иновациите.

Зелените општествено-технолошки транзиции се многу сложени и тешки да се постават, бидејќи бараат одрекување на некои од економските, општествените и еколошките цели што доведува до ситуација кога во процесот се појавуваат победници и губитници. Според тоа, праведниот пристап е неопходен за обезбедување на инклузивен и праведен процес како и за поставување на ефективни мерки за ублажување на негативните последици од транзицијата.





## Транзиции

Транзицијата означува динамичен процес на промена од една во друга состојба. Теоријата на транзиции е опширно применета во повеќе дисциплини како што се економијата, социологијата, политичките науки, животната средина и иновации.

„Општествено-технолошки транзиции" се однесуваат на системски промени низ сложена меѓусебна поврзаност на социјалните, економските, институционалните и технолошките елементи во организацијата на општествениот систем.

## Зелена економија

Зелената економија е економија која користи ниски нивоа на јаглерод. Терминот произлегува од сознанието дека човековата активност треба да биде ограничена во т.н. „безбедна зона", која не ги преминува „границите на планетата" или е во рамки на границите во кои системите се способни да се само-регулираат и опоравaт.

Транзицијата кон зелена економија вклучува промени во сите сектори, од енергетика и транспорт до градежништво, индустрија, земјоделство, шумарство, како и промени кај сите врски на синџирите на производство и потрошувачка. Ова вклучува примена на нови технологии, зголемена ефикасност во користење на ресурсите, како и премин од линеарна кон кружна економија.

## Social justice

Повикот за „праведни транзиции" добива популарност во 1970-тите и 1980-тите преку работничките синдикати во САД и Канада, кои беа загрижени на работните места кои беа загрозени од политиките за заштита на животната средина, и го одразува развојот на политичкиот дискурс заснован на правда во 19 век, кој честопати е поврзан и со распределбата на доходот и на богатството.

Во контекст на зелените транзиции, најчесто споменувани форми на правда се: i) „дистрибутивна (распределба) правда" посочувајќи каде се лоцирани или распределени влијанијата (трошоците и придобивките), ii) „правда со признавање" посочувајќи на тоа кои општествени слоеви се засегнати или се занемарени од политичките процеси, iii) „процедурална правда": која ги засега формалните и неформалните форми на вклучување во процесите на одлучување.

Дополнително, „правда за просторот" се популаризира во 1970-тите, со која се поврзува социјалната правда со просторот/територијата. Таа се фокусира и на распределбата на товарот и на придобивките на различни географски области, како и на процесите на носење на одлуки.

## Западниот Балкан помеѓу транзициите

Праведната зелена транзиција, и како концепт и како рамка на јавната политиката, се воведува кај земјите на ЗБ преку ЗАЗБ. Со Софиската декларацијата од 2020 година, ЗАЗБ се формализира како основа за нова стратегија за раст на регионот, која е вградена во Економско-инвестицискиот план на ЕУ за Западен Балкан. Ова подразбира усвојување на ЕУ директивите и транспонирање на регулативата низ широк спектар на области, почнувајќи од закон за климатска акција, преку исполнувањето на цели за енергетска ефикасност и стандарди за квалитет на воздухот и водата, преку рамка за управување со отпад, ограничување на загадувањето, итн. Ваквиот прв чекор треба да биде проследен и со соодветна имплементација, што пак ќе доведе до „вистинска" опиплива промена во сите сектори на економијата, меѓутоа ваквиот подвиг бара енормен напор кој ги надминува размерите на претходните трансформации во регионот, и истовремено претставува услов за пристапување во ЕУ.

Терминологијата што се користи овде има врска и со минатите и со тековните трансформации. Терминот „транзиција", се употребуваше во периодот после комунизмот на почетокот на 1990-тите, кога земјите од Централна и Источна Европа се именуваа како „земји во транзиција". Потоа, воведен е и терминот „транзиција со намера" која пак се карактеризира со цел на трансформација со експлицитен сет на општествени очекувања во голема мера потпирајќи се на странска помош и политичко управување. Оваа транзиција сигнализираше голема промена и истовремено вклучува голем степен на неизвесност. Со текот на времето, земјите од ЗБ се впуштија во различни хибридни политичко-економски модели, без оглед на патеката што ја посакуваа западните сили, кои опфаќаа процеси на приватизацијата, либерализацијата и демократизацијата.

Додека регионот сè уште е во премин кон целосно функционални либерални демократски системи, во раните 2000-ти, на земјите од Западен Балкан им беше понудена насока за интеграција во Европската Унија, повторно составена од пропишан список на структурни и политички реформи. Сепак, и покрај финансиската и техничката поддршка, процесот на интеграција набрзо стана подвижна цел. Ова делумно се должи на промената на контекстот, и оддалечувањето од првично поставените цели кон справувањето со недостатоци во демократијата, а истовремено се менуваат и правилата на заедничкиот пазар во рамки на ЕУ. Сите овие промени имаа општествено влијание врз земјите од ЗБ и направија интеграцијата да биде практично невозможна.

Сè на сè, ветувањата за „транзиција" кон либерална демократија, за слободна економија или за место во ЕУ, генерираа високи очекувања во изминатите неколку децении, за многумина да бидат разочарани од лошите резултати од економските и социјалните политики како и од неизвесната перспектива. Патот кон пристапувањето во ЕУ е попречен од можеби нереалните очекувања, во комбинација и со неможноста на земјите од Западен Балкан да тргнат кон развоен пат, како и мултилатерално управување во ЕУ, што создава пречки за понатамошни проширувања. Оваа ситуација доведе до „умор од транзиции", со општо чувство на скептицизам, недоверба кон политиките кои доаѓаат од надвор, како и можност за земјите од ЗБ да донесат сеопфатни политики кои се врзани со одредено место.

Во овој контекст, доколку не се направат сериозни напори за трансформирање на земјите одвнатре, постои ризик праведната транзиција преку ЗАЗБ да заврши како неостварена желба, а негативните последици да паднат на товар на општествено најранливите групи.



## Надминување на заморот од транзиција

Идниот развој на земјите од Западен Балкан, вклучувајќи ја и праведната зелена транзиција е во рацете за самите земји. Сепак клучна пречка е очекувањето дека странската помош и членството во ЕУ ќе ги решат структурните проблеми во регионот (како невработеноста и недостатоците во институционалното управување). Ваквите очекувања можеби го попречуваат процесот на градење на чувство на сопственост за сопствената иднина и преземање на одговорност за поставување на патот за иднината.

Според тоа, спроведувањето на праведна зелена транзиција ќе зависи од способноста на земјите од Западен Балкан, прво, вистински да го разберат социо-економскиот контекст и второ, да креираат сопствен патоказ заснован на реални планови и активности кои ќе се базираат на пристап одоздола-нагоре и ќе го одвојат економскиот напредок од деградацијата на животната средина. Подолу, предлагаме препораки кои треба да се земат предвид и кои е потребно да бидат координирани на повеќе нивоа (макрорегионално, национално и локално).

### Во процесот на транзиција „ниту една личност и ниту едно место" да не бидат оставени сами на себе

- **Да се препознаат (да се идентификуваат) сите потенцијално засегнати страни** и да се мапираат сите влијанија кои може било која од интервенциите да ги има врз засегнатите страни, а особено врз најранливите групи.

- **Да се обезбеди процедурална правда, преку создавање можности за учество на сите засегнати страни и општествени групи.** Да се овозможи на сите засегнати страни да ги кажат своите ставови, интереси и приоритети и се овозможи вистински процес на дијалог со цел да се изгради општествен консензус. На тој начин ќе се обезбеди демократизација на процесите на носење на одлуки, надминување на предизвиците од правење на компромиси за различните цели, градење доверба меѓу засегнатите страни и создавање чувство на сопственост на зелената агенда. За да се постигне тоа треба да се користат и постоечките мрежи и платформи за дискусија и координација на политиките, како што се TG WeB, RCC, Nalas, WB Info Hub Platform, итн

- **Да се осигура дека трошокот/товарот и придобивките се правично распределени, кај сите општествени групи, особено кај најранливите.** Ова може да се овозможи, со препознавање на сите потенцијално засегнати ранливи групи и мапирање на влијанијата на сите интервенции врз различните општествени групи и територии (места), за соодветно да се направат мерки кои ќе ги ублажат последиците за оние кои се најпогодени.

*Покрај обезбедувањето на просторна правда:*

- **Да се креираат стратегии кои се засновани на просторот (англ. place-based) кои се соодветни за конкретниот простор и за територијалните импликации од мерките за транзиција.** Во духот на „праведната транзиција" да се направат политики кои ќе ги земаат предвид локалните потреби и интереси.

- **Да се развијат акциски планови кои се прилагодени на начин што ќе целат кон развој со најголемо влијание.** Да се искористат успешните примери од деловниот сектор, од иницијативите кои се поттикнати од локалната заедница или пак од добрите практики во јавното управување.

- **Да се истражат бизнис моделите кои овозможуваат локалните заедници да учествуваат или пак да бидат со-сопственици на нови деловни потфати за да имаат дел од придобивките.** На пример, кај проектите за производство на енергија од ветер и сончева енергија, да им се овозможи на граѓаните да купуваат удели во нив.

### Да се изградат капацитети и да се доделат доволно ресурси за технолошка транзиција

- **Да се изградат капацитети во јавната администрација за подобро да се разберат практичните и технолошките импликации на мерките за праведна транзиција.** Покрај знаењето, да се зајакнат и вештините на администрацијата со тоа што ќе им се дадат алатки и средства кои се потребни за имплементација на мерките за транзиција

- **Да се даде приоритет на едукација и доусовршување на работната сила за да се**

**изградат професионалци со знаење и со алатки да можат да се прилагодат на менливите потреби на пазарот на труд.** Внимателно да се следат глобалните трендови и развојот на техничките граници кај критичните сектори и да се обезбедат образовни програми кои брзо се прилагодуваат на новите потреби. Да се работи на подобрување на сите нивоа, од наставни програми за формално образование, високо образование, како и програми за професионална преквалификација (можности за доживотно учење).

- **Да се поттикнат иновативни процеси на сите нивоа.** Ова подразбира обезбедување на поддршка за иновации и истражување кои се поврзани со транзициите, како и институционални иновации во рамки на јавната администрација кои ќе овозможат развој на приватни иницијативи.

## Управување со очекувањата преку подобрена комуникација

- **Поттикнување на транспарентноста и вклученоста во комуникацијата за јавните политики и агендата за зелена транзиција.** Ова подразбира обезбедување јасни, сигурни и искрени информации во однос на целите, процесите и очекуваните исходи од овие политики, притоа проблемите проактивно и отворено да се дискутираат со сите релевантни чинители.

- **Создавање на разбирање за практичните импликации од праведната транзиција на различните нивоа на управување како и кај различните сектори.** Да се истакнат предизвиците но, и можностите за различните сектори и територии/простор, нудејќи информации кои се навремени и се засновани на факти но, кои се истовремено веродостојни и се базираат на наоди од истражувања.

- **Развивање на алатки за ефективна комуникација** кои ќе помогнат во разбирање и пренесување на точни информации за зелената транзиција.

- **Создавање на заедничко разбирање за клучните концепти, цели и опсег на интервенции кај сите засегнати страни.** Градење на консензус врз основа на знаења кои одговараат на контекстот и на аспирациите на земјите од Западен Балкан.

- **Намалување на празнината во комуникацијата помеѓу клучните чинители** од различните сектори преку зајакнување на соработката и воспоставување на вистински партиципативни процеси во текот на имплементацијата на зелената агенда.

## Усвојување системска перспектива

- **Фокусирање на поголемата слика** за да може да напредуваме во рамки на сложениот процес на социо-технолошка трансформација. Ова значи да се видат и помалите и поголемите цели (на пр. целите за инвестирање во обновливи извори на енергија), па се до севкупните цели (на пр. борба против климатските промени и фер транзиции). Ова ќе помогне во носењето на подобри одлуки во услови кога посакуваните цели се во конфликт една со друга.

- **Препознавање на меѓусебната поврзаност помеѓу различните технолошки и индустриски режими,** и носење на информирани и разумни одлуки со оглед на тешките компромиси кои треба да се направат при овие трансформации.

- **Постепена поддршка на идеи кои имаат потенцијал за развој** (дури и ако се во зачеток) и поддршка на ендогени потенцијали, сè до решавање на посложените проблеми. Исто така, идентификување на можностите што можат да се одвојат од тековните случувања, темелно мапирање на иницијативите кои ветуваат и кои се базираат на локалните потенцијали.



# ЗА ОВОЈ ДОКУМЕНТ

Овој краток документ за јавни политики е развиен од GreenFORCE, што претставува проект во рамки на програмата Хоризонт Европа, кој има за цел да ја поттикне „зелената транзиција на Западен Балкан" преку унапредување на научно-истражувачките капацитети на Co-PLAN, Institute for Habitat Development (Албанија), Центар за економски анализи (Северна Македонија), Универзитетот во Белград, Географски факултет (Србија). Овие организации во соработка со Nordregio - Нордиски институт за регионален развој и планирање (Шведска) и Politecnico di Torino (Италија) тесно соработуваат за да придонесат кон нови територијални знаења преку истражување и учење.

Краткиот документ за политики како и препораките произлегуваат од „Извештајот за концептот на праведна зелена транзиција на Западен Балкан", кој е достапен на веб-страницата на проектот GreenFORCE (https://greenforcetwinning.net) како придонес од истражувачите кои се дел од партнерството GreenFORCE.

Funded by the European Union

*Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or European Research Executive Agency (REA). Neither the European Union nor the granting authority can be held responsible for them.*

## Контакт на истражувачите

Fiona Imami
Истражувач @ Co-PLAN
fiona_imami@co-plan.org

Anila (Gjika) Bejko
Заменик извршен директор @ Co-PLAN
Проектен координатор на GreenFORCE
anila_gjika@co-plan.org

## Уредници

Alberto Giacometti, Виш советник за истражување, Nordregio
alberto.giacometti@nordregio.org

Carlos Tapia
Виш научен соработник, Nordregio
carlos.tapia@nordregio.org

## Фотографии:

Photos from GreenFORCE project archive

## Основни референци

Abram, S., Atkins, E., Dietzel, A., Jenkins, K., Kiamba, L., Kirshner, J., Kreienkamp, J., Parkhill, K., Pegram, T. and Santos Ayllón, L., M., 2022. Just Transition: A whole-systems approach to decarbonization. Climate Policy, 22(8), pp.1033-1049. https://doi.org/10.1080/14693062.2022.2108365

European Commission, 2020c. Guidelines for the Implementation of the Green Agenda for the Western Balkans.

Geels, F. W., 2011. The Multilevel Perspective on Sustainability Transitions: Responses to Seven Criticisms. Environmental Innovations and Societal Transitions, 1(1), pp. 24-40. https://doi.org/10.1016/j.eist.2011.02.002

Mitrovic, S., 2022. The Green Agenda for the Western Balkans - A dead letter or a genuine opportunity? European Policy Center, CEP Insight.

Sofia Declaration on the Green Agenda, 2020. Regional Cooperation Council. [On line]: https://www.rcc.int/docs/546/sofia-declaration-on-the-green-agenda-for-the-western-balkans-rn